# ИЗЈАВА ЗА ПОДДРШКА

Здружението на новинари на Македонија, Советот за етика во медиумите во Македонија, дигиталниот медиум Види Вака и Онлимит медиа даваат целосна поддршка на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници во борбата за подобрување на работничките права на новинарите и медиумските работници. Со тоа ги реафирмираме нашите заложби за заштита на работничките права на новинарите и медиумските работници, подобрување на социјалната сигурност и безбедност.

Истовремено ги прифаќаме начелата и спецификите кои се вметнати во нацрт фер-договорите за вработување во дигиталните медиуми, а кои имаат за цел заштита на работничките права на новинарите и медиумските работници и подобрување на условите за работа, фактори кои се од клучно значење за остварување на основната функција на медиумите – професионално и објективно новинарство.

ЗНМ, СЕММ, Онлимит медиа и Види вака се придружуваат на начелото дека без соодветни услови за работа и социјална сигурност на новинарите и медиумските работници, ниту тие, ниту медиумите не можат да ја остваруваат својата функција во едно демократско општество, да бидат чувар на јавниот интерес.

**Совет за етика во медиумите во Македонија**

Катерина Синадиновска, претседател

**Здружение на новинарите во Македонија**

Младен Чадиковски, претседател

**Види Вака**

Александар Манасиев, главен уредник

**Онлимит медиа**

Семи Мехмети, претседател